Во рамките на манифестацијата „Златна рамка“ оваа година за прв пат се одржа регионален форум во организација на Друштво на филмски работници на Македонија на кој присуствуваа првите луѓе на филмските центри од регионот, а главниот фокус беше на моделите за финансирање и легислативата што ја регулира филмската дејност. Во рамките на „Златна рамка“, покрај ревијата на македонски филмови од изминатата година, беше одржана и интернационална конференција насловена „Модели на финансирање и легислатива-регионална соработка, можности и унапредување“ на која учествуваа директори на национални филмски фондови и продуценти од регионот, меѓу кои Србија, Грција, Албанија, Косово, Хрватска, Словенија, Црна Гора, Кипар и Турција. На конференцијата стана збор за позитивните и негативните примери на финансирање на филмот, состојбата на буџетирање на нашиот филм, моделите на копродукција итн.

## "GOLDEN FRAME" FILM MARKET (JUNE, 2022)

Within the framework of the 2022 "Golden Frame", this year for the first time a regional forum was held organized by the Macedonian Film Professionals' Association, attended by chairpersons from the regional film centers. The main focus was on the financing models and the legislation that regulates the film industry. The activities included a revue of the latest Macedonian films, and an international conference entitled "Financing models and legislative-regional cooperation, opportunities and promotion", attended by directors of regional film funds and producers from neighboring countries, including Serbia, Greece, Albania, Kosovo, Croatia, Slovenia, Montenegro, Cyprus and Turkey. The conference discussed the positive and negative examples of film financing, the budgeting, co-production models, etc.

## УЧЕСТВО ВО ИЗРАБОТКА НА КАТАЛОГ ВО РАМКИ НА РЕГИОНАЛЕН ФОРУМ ЗА ДОКУМЕНТАРЕН ФИЛМ МАКЕКОПРОДОКС (АВГУСТ, 2022)

Оваа година, во рамки на фестивалот за креативен документарен филм „Македокс“ повторно се одржа регионален копродукциски форум за документарен филм. Целта на форумот е размена на искуства, знаења и практики за финансирање, презентација и промоција на документарниот филм. На форумот присуствуваа претставници од филмски центри, продуценти, филмски фестивали итн, со цел зајакнување на соработката помеѓу сите овие сегменти од индустријата.

Меѓудругото, на ова издание на форумот беше промовирано и првото издание на каталогот во чија реализација учествуваа и претставници од Агенцијата за филм кои се дел од Balkan network. Во каталогот за првпат на едно место може да се најдат исцрпни информации за копродукциските шеми на финансирање кои ги нудат филмските центри од регионот, како и листа од продуцентски куќи од секоја соседна земја кои се занимаваат со производство на документарни филмови.

## PATICIPATION IN THE CREATION OF A CATALOG - REGIONAL FORUM FOR DOCUMENTARY FILM MAKECOPRODOX (AUGUST 2022)

The regional co-production forum for documentary film MakeCoProDox was held within the Festival for creative documentary film MAkeDox. The purpose of the forum is to offer exchange of experiences, knowledge and practices for financing, presentation and promotion of the documentary film. The forum was attended by representatives from film centers, producers, film festivals, etc., with the aim of strengthening cooperation among all these segments of the industry.

Among other things, at this edition of the forum, the first edition of the catalog was promoted. Representatives from the Agency contributed to the drafting of the catalogue where for the first time in one place you can find comprehensive information on the co-production funding schemes from film centers of the region, as well as a list of production companies from each neighboring country involved in the production of documentary films.

## ПОТПИШАН ТРИГОДИШЕН МЕМОРАНДУМ ЗА ВМРЕЖУВАЊЕ И СОРАБОТКА НА АКТЕРИТЕ ВО РЕГИОНОТ (АВГУСТ, 2022)

За време на CineLink Industry Days а во соработка со Сараевскиот филмски фестивал, директорите на филмските центри од Македонија, Словенија, Хрватска, Србија и Црна Гора потпишаа тригодишен Меморандум за соработка на 17. август 2022 година, кој беше создаден како резултат на успешно организираната прва меѓународна програма посветена на регионалните актери, поттикнувајќи вмрежување на актерите и зголемување на нивната мобилност и нивното присуство во европската филмска индустрија. Заедничката цел на ова партнерство е создавање можности за вмрежување и зголемување на препознатливоста на актерите од целиот регион.

Потписниците на Меморандумот за соработка се обврзаа да соработуваат меѓу себе во следните три години со цел зајакнување, унапредување и професионално усовршување на актерите од регионот.

## MEMORANDUM FOR NETWORKING AND COOPERATION OF ACTORS IN THE REGION (AUGUST 2022)

During the CineLink Industry Days and in cooperation with the Sarajevo Film Festival, the directors of film centers from N. Macedonia, Slovenia, Croatia, Serbia and Montenegro signed a three-year Memorandum of Cooperation on August 17, 2022, which was created as a result of the successfully organized first international program dedicated to regional actors, aimed at encouraging the networking of actors and increasing their mobility and their presence in the European film industry. The common goal of this partnership is to create networking opportunities and increase the visibility of actors from the entire region.

The signatories of the Memorandum of Cooperation have committed to cooperate with each other in the next three years with the aim of strengthening, promoting and professional development of the actors from the region.

# ДЕНОВИ НА МАКЕДОНСКА КУЛТУРА- ПРАГА, ЧЕШКА (СЕПТЕМВРИ, 2022)

Во период од 07-09 септември во Прага, Република Чешка се одржаа бројни активности од културен карактер во рамки на манифестацијата „Денови на македонска култура".Настаните се организирани во чест на празнувањето на македонскиот Ден на независноста (8-ми септември) како и претседателствувањето на Република Чешка со Европската Унија во втората половина од 2022 година.

Министерството за култура на Република Северна Македонија во соработка со неколку институции од областа на културата, меѓу кои и Агенцијата за филм на Република Северна Македонија, подготви интересна програма која ќе ги претстави младите и познати автори од нашата земја на чешката и европска културна јавност.
Во рамки на тридневните активности, а во организација на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија, во киносалата Edison Filmhub ќе се одржи ревија на македонски филмови од најновата филмска продукција и тоа четири долгометражни филмови: „Хомо" во режија на Игор Иванов, „Господ постои, името и е Петрунија„ во режија на Теона С. Митевска, „Врба" во режија на Милчо Манчевски, „Сестри„ во режија на Дина Дума и три краткометражни филмови: „Налепница" во режија на Георги Унковски „Змија" во режија на Андреј И. Волкашин и „Северниот пол" во режија на Марија Апчевска.

Денот на независноста на Република Северна Македонија, 8-ми септември, беше одбележан и со концерт на битолскиот камерен оркестар, со солистите Влатко Стефановски и Тамара Тодевска. Во рамки на програмата беше прикажана и претставата „Антитело", авторско дело на студенти од Факултетот за драмски уметности- Скопје.
На настанот „Денови на македонска култура" во Прага, Р.Чешка, присуствуваа Министерката за култура Бисера Костадиновска Стојчевска, претставници од Секретаријатот за европски прашања како и претставници од Агенцијата за филм.

# ДЕНОВИ НА МАКЕДОНСКА КУЛТУРА- ПРАГА, ЧЕШКА (СЕПТЕМВРИ, 2022)

Numerous cultural activities of a cultural nature were held within the framework of the "Days of Macedonian Culture" event which took place 07-09 September in Prague, Czech Republic. The events were organized in honor of the celebration of the Macedonian Independence Day (September 8) as well as on the occasion of the Czech Presidency of the European Union in the second half of 2022.

The Ministry of Culture of the Republic of North Macedonia in cooperation with several cultural institutions, among which the North Macedonia Film Agency, prepared an interesting program that presented both young and established authors from our country to the Czech and European public.
Within the framework of the three-day activities, the Agency organized a revue of the latest Macedonian films at the cinema Edison Filmhub: four feature-length films: "Homo" directed by Igor Ivanov, "God exists, Her Name Is Petrunya" directed by Teona S. Mitevska, "Willow" by Milcho Manchevski, "Sisterhood" by Dina Duma and three short films: "Sticker" by Georgi Unkovski, "Snake" directed by Andrej I. Volkashin and "North Pole" directed by Marija Apchevska.
The Independence Day of the Republic of North Macedonia, September 8, was also celebrated with a concert by the Bitola Chamber Orchestra, with soloists Vlatko Stefanovski and Tamara Todevska. As part of the program, the play "Antibody", authored by students from the Faculty of Dramatic Arts - Skopje, was shown.

The event "Days of Macedonian Culture" in Prague, Czech Republic, was attended by the Minister of Culture Bisera Kostadinovska Stojchevska, representatives from the Secretariat for European Affairs as well as representatives from the North Macedonia Film Agency.

## МАКЕДОНСКИ КАНДИДАТ ЗА НАГРАДАТА ОСКАР ВО КАТЕГОРИЈА НА ФИЛМ ОД НЕАНГЛИСКО ГОВОРНО ПОДРАЧЈЕ (СЕПТЕМВРИ, 2022)

Македонскиот филм „Најсреќниот човек на светот“ во режија на Теона С. Митевска е годинашниот македонски кандидат за наградата „Оскар за најдобар долгометражен интернационален филм“ за 2023 година. Одлуката ја донесе Комисијата за избор при Друштвото на филмските работници на Македонија, прифатена и одобрена од Американската Академија за подвижни слики, уметност и наука.Во конкуренција за кандидатурата беа и филмовите: „Снежана на крајот умира“ во режија на Кристијан Ристески, „Кајмак“ во режија на Милчо Манчевски и „Мими“ во режија на Даријан Пејовски.

Церемонијата за доделување на Оскарите ќе се одржи на 12 март 2023 година, во Dolby Theatre, Лос Анџелес.

## MACEDONIAN NATIONAL CANDIDATE FOR THE ACADEMY AWARD FOR BEST INTERNATIONAL FEATURE FILM (SEPTEMBER 2022)

The Macedonian film "The Happiest Man in the World" directed by Teona S. Mitevska is this year's Macedonian candidate for the Oscar for Best International Feature Film award for 2023. The decision was made by the Selection Committee within the Macedonian Film Professionals Association, accepted and approved by the American Academy of Motion Pictures, Arts and Sciences. The films in competition for the candidacy: "Snow White Dies at the End" directed by Kristijan Risteski, "Kaymak"directed by Milcho Manchevski and "Mimi" directed by Darian Pejovski.
The Academy Awards ceremony will take place on March 12, 2023, at the Dolby Theatre, Los Angeles.

## ДЕН НА МЛАДА ПУБЛИКА (НОЕМВРИ, 2022)

Агенцијата за филм повторно учествуваше во организација на настанот „Ден на млада публика"кој се одржа во Кинотека на Македонија. Три филмови од кои два долгометражни и еден документарен беа селектирани од страна на филмските експерти и тинејџери од цела Европа. Овие филмови беа во трка за Наградата за најдобар европски филм за млада публика за 2022 за која гласаа и младите од Македонија.

Наградата се доделува на европските филмови наменети за млада публика и претставува официјална категорија на Европските филмски награди уште од 2012 година, огранизирани од страна на Европската Филмска Академија и ЕФА Продакшнс. Она што е карактеристично за оваа селекција е што победниците се бираат од младите од Европа. Организатор на овој настан во Македонија е Агенцијата за филм, а спонзори на настанот се Витаминка-Скопје и Ладна Вода. За најдобар европски филм за млади за 2022 година публиката го изгласа документарниот филм „Животно" во режија на Сирил Дион.

## YOUNG AUDIENCE AWARD (NOVEMBER 2022)

The North Macedonia Film Agency once again participated in the organization of the "Young Audience Award", which was held at the Cinematheque of Macedonia. Three films, (two feature-length and one documentary), were selected by film experts and teenagers from all over Europe. These films were in the running for the Award for the Best European Film for young audience for 2022. Young people from N. Macedonia also gave their vote for the best film.

The award is given to European films intended for a young audience and is an official category of the European Film Awards since 2012, organized by the European Film Academy and EFA Productions. What is characteristic of this selection is that the winners are chosen by young people from Europe. The event in N.Macedonia is organized by the North Macedonia Film Agency, and as sponsored by Vitaminka-Skopje and Ladna Voda. The audience chose the documentary film "Animal" directed by Cyril Dion as the best European film for young audience in 2022.

## НОМИНАЦИЈА НА МАКЕДОНСКИ ФИЛМ ЗА НАГРАДА ОД АРАПСКИ ФИЛМСКИ КРИТИЧАРИ (НОЕМВРИ, 2022)

„Најсреќниот човек на светот“ заедно со уште два филма влегоа во потесниот избор за овогодинешните “Arab Critics' Awards” за европски филм, кои беа промовирани од European Film Promotion (EFP) и Arab Cinema Center (ACC).
Теона Стругар Митевска, добитничката на првата награда на “Arab Critics' Award” во 2019 година, се врати во потесниот круг со нејзиниот најнов филм „Најсреќниот човек на светот“, кој премиерно беше прикажан на овогодинешниот филмски фестивал во Венеција.
Претходните три победници на “Arab Critics' Awards” беа „Господ постои, нејзиното име е Петрунија“ од Теона Стругар Митевска (2019), „Ундине“ од Кристијан Пецолд (2020) и „107 мајки“ од Петер Керекес (2021).“The Arab Critics' Award” за “European Films” е иницијатива лансирана во 2019г. од European Film Promotion и Arab Cinema Center, со цел да се зајакне филмската разновидност во регионот.

## MACEDONIAN FILM NOMINATED FOR AN ARAB CRITICS' AWARD (NOVEMBER 2022)

"The Happiest Man in the World" along with two other films were shortlisted for this year's "Arab Critics' Awards" for European film, an initiative by European Film Promotion (EFP) and Arab Cinema Center (ACC).
Teona Strugar Mitevska, the winner of the first "Arab Critics' Award" in 2019, returned to the shortlist with her latest film "The Happiest Man in the World", which premiered at this year's Venice Film Festival.
The previous three winners of the Arab Critics' Awards were "God Exists, Her Name is Petrunya" by Teona Strugar Mitevska (2019), "Undine" by Christian Petzold (2020) and "107 Mothers" by Peter Kerekes (2021). The Arab Critics' Award" for European Films is an initiative launched in 2019 by European Film Promotion and Arab Cinema Center, in order to strengthen film diversity in the region.

## БАЛКАНСКИ ФИЛМСКИ ФЕСТИВАЛ - ИТАЛИЈА (НОЕМВРИ-ДЕКЕМВРИ,2022)

Во периодот од 29. ноември до 4. декемви 2022 г. во Casa del Cinema во Рим се одржа Balkan Film Festival. Фестивалот има за цел да ја приближи италијанската јавност до балканското филмско наследство преку организација на проекции и присуство на реномирани гости од балканските простори кои дискутираат за актуелни прашања. Оваа година се одржаа работилници, панел дискусии и проекции на дел од филмовите во официјална селекција а со цел да се поттикне желбата за европска интеграција и соработка. Меѓудругото, свое претставување имаше и македонската режисерка Дина Дума која го претстави својот филм „Сестри" и се осврна на булингот во ерата на социјални медиуми, додека оваа година како дел од жири комисијата е и македонскиот режисер и автор Милчо Манчевски.

## BALKAN FILM FESTIVAL - ITALY (NOVEMBER-DECEMBER 2022)

Balkan Film Festival was held from November 29 to December 4, 2022, at Casa del Cinema in Rome. The festival aims to bring the Italian public closer to the Balkan film heritage through the organization of screenings and the presence of renowned guests from the Balkans who discuss current issues.

This year, workshops, panel discussions and screenings of some of the films in the official selection were held in order to stimulate the desire for European integration and cooperation. Among other things, the Macedonian director Dina Duma presented her film "Sisterhood" and spoke about bullying in the age of social media, while Macedonian director and author Milcho Manchevski was part of the jury committee.

## ОНЛАЈН КАМПАЊА - ФОКУС НА ДОКУМЕНТАРЕН ФИЛМ (ЈУЛИ-АВГУСТ, 2022)

Во последните години се забележува зголемен број на апликации во делот на долгометражни документарни филмови со македонски малцински удел, а со тоа и бројот на поддржани проекти. Со цел промоција на успесите на документарниот жанр во последните години, Агенцијата за филм спроведе виртуелна кампања која вклучуваше позиционирани објави со статистика на поддржани проекти, истакнати македонски документарни филмови, фестивали на документарен филм во земјата и сл. со што се потврдува дека документарната форма е навистина жанр во подем.

## FOCUS ON DOCUMENTARY FILMS - ONLINE CAMPAIGN (JULY-AUGUST 2022)

In recent years, there has been an increasing number of applications for feature length documentary films with a Macedonian minority support, which led to an increase in the number of supported projects as well. In order to promote the success of the documentary genre in recent years, the North Macedonia Film Agency carried out a virtual campaign that included positioned announcements with statistics of supported projects, prominent Macedonian documentaries, documentary film festivals in the country, etc. thus confirming that the documentary form is indeed a rising genre.

7

# РОДОВА ЗАСТАПЕНОСТ ВО СЕГМЕНТИ

ОД ФИЛМСКАТА ИНДУСТРИЈА
ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# GENDER REPRESENTATION IN AREAS OF FILM INDUSTRY IN NORTH MACEDONIA

# 7. РОДОВА ЗАСТАПЕНОСТ ВО СЕГМЕНТИ ОД ФИЛМСКАТА ИНДУСТРИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Статистиките во светски рамки покажуваат дека постојат значајни разлики во застапеноста на мажи наспроти жени-автори во филмската индустрија. Со цел мониторирање и евалуација на конкретната ситуација како и изнаоѓање на механизми и начини за подобрување на состојбата и избегнување на понатамошната маргинализација на жените-автори, Агенцијата за филм има за цел во наредните 5 години (2021-2025) да се залага за собирање и анализа на податоци за родовата застапеност како и размена на најдобрите практики со цел отворање на нови можности за унапредување на продукцијата, промоцијата и циркулацијата на филмови од жени автори.

## 7.1. Статистика за родова застапеност во филмски професии

Во табеларните прикази што се наведени подолу е претставено учеството на жени во филмските професии: сценарио, режија и продукција. Податоците вклучуваат статистика на долгометражни играни филмови (национални и мнозински копродукции) прикажани по година на премиерно прикажување.



# 7. GENDER REPRESENTATION IN AREAS OF FILM INDUSTRY IN NORTH MACEDONIA

Worldwide statistics indicate that there are significant differences in the prevalence of male versus female authors in the film industry. In order to monitor and evaluate the specific situation as well as to find techniques and ways to improve the situation and avoid further marginalization of female authors, the North Macedonia Film Agency's aim in the next 5 years (2021-2025) is to collect and analyze the data on gender representation as well as to exchange best practices in order to open new opportunities for upgrading the production, promotion and circulation of films by female authors.

**7.1. Statistics on gender representation in film professions**

The table below shows the participation of women in the following film professions: screenwriting, directing and production. The data include statistics on feature fiction films (national, majority co-productions) by year of release.



| | ГОДИНА НА ПРЕМИЕРНО ПРИКАЖУВАЊЕ | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупен број на прикажани/реализирани филмови | 4 | 3 | 4 | 4 | 6 | 2 | 3 | 5 |
| Број на играни филмови од мажи/жени режисери | Бр. на филмови од жени режисери | 0 | 0 | 1 | 0 | 2 | 0 | 1 | 1 |
| | Бр. на филмови од мажи режисери | 4 | 3 | 3 | 4 | 4 | 2 | 2 | 4 |
| | Бр. на филмови од мешан состав на автори (со поголем бр на жени режисери) | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | Бр. на филмови од мешан состав на автори (со поголем бр на мажи режисери) | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | Број на филмови од мешан состав со еднаква застапеност на мажи и жени режисери | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на играни филмови од мажи/жени продуценти | Бр. на филмови од жени продуценти | 0 | 0 | 1 | 0 | 2 | 0 | 1 | 1 |
| | Бр. на филмови од мажи продуценти | 4 | 3 | 3 | 4 | 4 | 2 | 1 | 4 |
| | Бр. на филмови од мешан состав на автори (со поголем бр на жени продуценти) | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | Бр. на филмови од мешан состав на автори (со поголем бр на мажи продуценти) | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | Број на филмови од мешан состав со еднаква застапеност на мажи и жени продуценти | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| Број на играни филмови од мажи/жени сценаристи | Бр. на филмови од жени сценаристи | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 1 | 1 | 0 |
| | Бр. на филмови од мажи сценаристи | 3 | 2 | 3 | 3 | 5 | 1 | 1 | 4 |
| | Бр. на филмови од мешан состав на автори (со поголем бр на жени сценаристи) | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | Бр. на филмови од мешан состав на автори (со поголем бр на мажи сценаристи) | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | Број на филмови од мешан состав со еднаква застапеност на мажи и жени сценаристи | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 |

| | YEAR OF RELEASE | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Total number of feature films released** | **4** | **3** | **4** | **4** | **6** | **2** | **3** | **5** |
| **Number of fiction films by gender of directors** | Nr. of fiction films made exclusively by female directors | 0 | 0 | 1 | 0 | 2 | 0 | 1 | 1 |
| | Nr. of fiction films made exclusively by male directors | 4 | 3 | 3 | 4 | 4 | 2 | 2 | 4 |
| | Nr. of fiction films by directors of both genders: films by a majority of female directors | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | Nr. of fiction films by directors of both genders: films by a majority of male directors | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | Nr. of fiction films by directors of both genders: films by gender-balanced teams of directors | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Number of fiction films by gender of producers** | Nr. of fiction films made exclusively by female producers | 0 | 0 | 1 | 0 | 2 | 0 | 1 | 1 |
| | Nr. of fiction films made exclusively by male producers | 4 | 3 | 3 | 4 | 4 | 2 | 1 | 4 |
| | Nr. of fiction films by producers of both genders: films by a majority of female producers | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | Nr. of fiction films by producers of both genders: films by a majority of male producers | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | Nr. of fiction films by producers of both genders: films by gender-balanced teams of producers | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| **Number of fiction films by gender of screenwriters** | Nr. of fiction films made exclusively by female scriptwriters | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 1 | 1 | 0 |
| | Nr. of fiction films made exclusively by male scriptwriters | 3 | 2 | 3 | 3 | 5 | 1 | 1 | 4 |
| | Nr. of fiction films by scriptwriters of both genders: films by a majority of female scriptwriters | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | Nr. of fiction films by scriptwriters of both genders: films by a majority of male scriptwriters | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | Nr. of fiction films by scriptwriters of both genders: films by gender-balanced teams of scriptwriters" | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 |

# 7.2. РОДОВА ЗАСТАПЕНОСТ ВО ТЕЛАТА ВО СОСТАВ И ТИМОТ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ФИЛМ

## 7.2.1. ТЕЛА ВО СОСТАВ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ФИЛМ

**УПРАВЕН ОДБОР**

Со Агенцијата за филм управува Управниот Одбор. Управниот Одбор го сочинуваат претседател и четири членови. Претседателот и членовите се лица именувани од Владата на Република Северна Македонија.  1 член на Управниот Одбор е жена.



**ФИЛМСКИ СОВЕТ**

Надлежност на Филмскиот совет е стручно тело за преземање мерки за унапредување на филмската дејност, формирано од директорот на Агенцијата за филм. Советот е составен од пет члена од редот на истакнати поединци од областа на филмот и културата, со мандат од две години. Во филмскиот совет четири од членовите се мажи, а една жена.



**КОМИСИЈА ЗА ПРАВО НА ПОВРАТ НА СРЕДСТВА**

Комисијата за право на поврат на средства ја именува и разрешува Владата на Република С. Макеоднија. Комисијата ја сочинува еден претседател и четири членови (двајца мажи и три жени) чија надлежност е да утврдат дали филмскиот продуцент од Република Македонија ги исполнува условите за стекнување со правото на поврат на средства.



# 7.2. GENDER REPRESENTATION IN THE BODIES WITHIN THE NORTH MACEDONIA FILM AGENCY

## 7.2.1. BODIES WITHIN THE NORTH MACEDONIA FILM AGENCY

**BOARD OF DIRECTORS**

The North Macedonia Film Agency is managed by a Board of Directors. The Board of Directors consists of a President and four members. The President and the members are appointed by the Government of the Republic of North Macedonia. Only one member of the Board of Directors is a woman.



**FILM COUNCIL**

The Film Council functions as an expert body which takes measures to promote the film industry, and is established by the director of the North Macedonia Film Agency. The Council is composed of five members from the ranks of prominent individuals in the field of film and culture, for a term of two years. Four of the members of the Film Council are male and one is a female.



**COMMISSION FOR ESTABLISHING THE RIGHT TO A REFUND**

The Commission for establishing the right to a refund is appointed and dismissed by the Government of the Republic of North Macedonia. The Commission consists of one chairman and four members (two males and three females) whose competence is to determine whether the film producer from the Republic of North Macedonia meets the criteria for acquiring the right to a refund.



# 7.2.2. ВРАБОТЕНИ ВО АГЕНЦИЈАТА ЗА ФИЛМ

10 лица од вкупно 11 лица од редот на вработени во Агенцијата за филм,  се жени.



# 7.2.2. NORTH MACEDONIA FILM AGENCY EMPLOYEES

10 out of a total of 11 people employed in the North Macedonia Film Agency are females



# 8

# ЕВРОПСКИ ФОНДОВИ

## ЗА ПОДДРШКА И ПОДДРЖАНИ ПРОЕКТИ

# EUROPEAN FUNDS

FOR SUPPORT & SUPPORTED PROJECTS

# 8.1. ЕУРИМАЖ

Еуримаж е фонд за поддршка на проекти од областа на културата на Советот на Европа. Основан е во 1989 година и брои 39 од 47 земји-членки на организацијата со седиште во Стразбур и во Канада како придружна членка.
С. Македонија е член на Еуримаж од 2003 година и оттогаш македонските професионалци можат да аплицираат и да ги користат финансиските средства од овој Фонд. Национален претставник во овој фонд, почнувајќи од декември 2017, е Татјана Ќурчинска-Пепељугоска.
Во текот на 2022 година, од страна на Еуримаж, поддржани се вкупно два проекти во копродукциската шема на финансирање во кои продуценти од С. Македонија се јавуваат како главни или малцински копродуценти. Вкупниот износ на поддршка на проектите е 398.000 евра, односно 24.477.000 денари.

| НАСЛОВ НА ПРОЕКТ | РЕЖИЈА | ГЛАВЕН ПРОДУЦЕНТ | ЗЕМЈИ ВО КОПРОДУКЦИЈА | ИЗНОС НА ПОДДРШКА (МКД) |
|---|---|---|---|---|
| Слатката горчина на зрелите калинки (Долгометражен игран филм) | Андреј Илиевски Волкашин | Веда Филм Продакшнс (МК) | SCREENING EMOTIONS (BG) | 2.952.000 |
| Верижна реакција (Долгометражен игран филм) | Драган Бјелогрлич | COBRA FILM / TON FILM (RS) | PERFO FILM (SI) SKOPJE FILM STUDIO / BITTER FRAMES PRODUCTION (MK) | 21.525.000 |

# 8.1. EURIMAGES

Eurimages is a Council of Europe fund for cultural support. Established in 1989, it numbers 39 of the 47 member states of the Strasbourg based organization, and Canada as an associate member.
North Macedonia joined Eurimages in 2003 and Macedonian professionals now have access to apply for these funds. Tatjana Kjurchinska Pepeljugoska has been the Macedonian national representative to the Eurimages fund since December 2017.
In 2022, Eurimages has supported 2 film projects in its co-producing scheme where North Macedonia is a delegate producer or a co-producer, with a total support of 398.000 EUR.

| PROJECT TITLE | DIRECTOR | DELEGATE PRODUCER | CO-PRODUCING COUNTRIES | AMMOUNT OF SUPPORT (EUR) |
|---|---|---|---|---|
| Sweet Bitterness of Ripe Pomegranates (feature film) | Andrej Ilievski Volkashin | Veda Film Productions (MK) | SCREENING EMOTIONS (BG) | 48.000 |
| Chain Reaction (feature film) | Dragan Bjelogrlic | COBRA FILM / TON FILM (RS) | PERFO FILM (SI) SKOPJE FILM STUDIO / BITTER FRAMES PRODUCTION (MK) | 350.000 |

# 8.2. КРЕАТИВНА ЕВРОПА МЕДИА

Креативна Европа МЕДИА е програма на Европската унија која финансиски поддржува развој, дистрибуција и промоција на европскиот филм и на аудиовизуелните индустрии.

Северна Македонија во 2016 година стана дел од Програмата МЕДИА и оттогаш македонските професионалци можат да аплицираат и да ги користат финансиските средства. МЕДИА Деск МК, како претставник на програмата, функционира во рамките на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија со цел да ги информира, советува, поддржува и едуцира потенцијалните учесници од нашата земја.

Во текот 2022 година, од страна на програмата Креативна Европа МЕДИА, во рамки на објавените повици, доделени се средства во вкупен износ од 160.653 евра за проекти од Р.С. Македонија. Во продолжение се податоците за поддржаните проекти.

| ШИФРА НА ПОВИКОТ | НАСЛОВ НА ПРОЕКТОТ | ИМЕ НА ОРГАНИЗАЦИЈА | ИЗНОС НА ПОДДРШКА (МКД) |
|---|---|---|---|
| Европски фестивали (CREA-MEDIA-FEST-2021) | MakeDox Creative Documentary Film Festival 2021 & 2022 | ZDRUZENIE ZA PROMOCIJA NA DOKUMENTARISTIKA MAKEDOKS SKOPJE | 54.000 |
| Автоматска дистрибуција (EACEA-22-2019 Action 1 - Automatic support) | 2020 Generation and Reinvestment | COMPANY FOR MOVIE PRODUCTION AND DISTRIBU-TION CUTAWAY DOOEL IMPORT-EXPORT SKOPJE | 7.750 |
| Развој на европски копродукциски проект (CREA-MEDIA-2021-CODEV) | YUGOSLAVIA, MY FATHERLAND | DRUSHTVO ZA FILMSKA PRODUKCIJA I MARKETING KINO OKO DOOEL | 10.480 |
| Развој на публика (CREA-MEDIA-2021-AUDFILMEDU) | European Film Challenge 2022/2025 | ASSOCIATION CENTRE FOR SOCIAL INNOVATIONS BLINK 42-21 SKOPJE | 69.847 |
| Развој на публика (CREA-MEDIA-2021-AUDFILMEDU) | EU Youth Cinema: Green | ZDRUZENIE ZA ODRZLIV RAZVOJ I ZASTITA NA ZIVOTNA SREDINA GOU GRIN SKOPJE | 18.575 |

# 8.2. CREATIVE EUROPE MEDIA

Creative Europe MEDIA is a EU programme that financially supports the development, distribution and promotion of the European film and audiovisual industries.
North Macedonia became part of the MEDIA programme in 2016 and the programme and its funds are now accessible for Macedonian professionals to apply. MEDIA Desk MK, as a programme representative in North Macedonia, operates within the North Macedonia Film Agency in order to inform, advise, support and educate potential applicants from our country.

In 2022, the applicants from the Republic of North Macedonia had the opportunity to apply for the calls from the new programme Creative Europe MEDIA 2021-2027. The results of the following calls were announced by the time of the publication of this brochure. We are still waiting for the announcements of the results of the other calls.

| CALL | PROJECT TITLE | ORGANIZATION | AMOUNT OF SUPPORT (EUR) |
|---|---|---|---|
| European festivals (CREA-MEDIA-FEST-2021) | MakeDox Creative Documentary Film Festival 2021 & 2022 | Association of documentary promotion Makedox | 878 |
| Automatic distribution (EACEA-22-2019 Action 1 - Automatic support) | 2020 Generation and Reinvestment | Cutaway | 126 |
| European co-production project development (CREA-MEDIA-2021-CODEV) | YUGOSLAVIA, MY FATHERLAND | Kino Oko | 170 |
| Audience development (CREA-MEDIA-2021-AUDFILMEDU) | European Film Challenge 2022/2025 | BLINK 42-21 | 1.135 |
| Audience development (CREA-MEDIA-2021-AUDFILMEDU) | EU Youth Cinema: Green | Go Green | 300 |

**Издавач / Publisher**
Агенција за филм на Република Северна Македонија / North Macedonia Film Agency
Ул. 8 Март бр.4 / Address: 8 Mart no. 4
Тел. / Tel: + 389 2 3224 100
E-mail: contact@filmagency.gov.mk,
Веб страна / Official page: www.filmagency.gov.mk

**Директор / Publishing manager**
Бојан Лазаревски / Bojan Lazarevski

**Уредник / Editor**
Анита Стојческа / Stojcheska Anita

**Дизајн / Design**
Драган Божино / Dragan Bozino

**Соработници / Associates**
Одделение за филмска дејност: Вероника Бучковска
/ Film Industry Department: Veronika Buchkovska
Одделение за финансии и сметководство: Лидија Деспотовска
/ Financial and Accounting Department: Lidija Despotovska

**Извори / Sources:**
North Macedonia Film Agency http://filmagency.gov.mk/
Eurimages https://www.coe.int/en/web/eurimages
MEDIA Desk MK http://ced.mk/ced-media/

Финансиските податоци изразени во евра не се регулирани и се внесени приближни износи (при рачно пресметување може да дојде до разлики во износите)
Долгометражен игран филм е филм чие времетраење е минимум 70 минути.
Долгометражен документарен филм е филм чие времетраење е минимум 60 минути.
Копродукции со македонски мнозински / малцински удел се определени во зависност од финансиското учеството од Република Северна Македонија.

Economical figures have not been regulated. Figures have been rounded (sums may differ from manual calculation).
Feature fiction film is a film with duration of 70 minutes.
Feature-length documentary is a film with duration of 60 minutes.
Co-production may be majority or minority co-production depending on the domicile of the majority co-producer.

Агенција за филм на Република Северна Македонија
Agjencia për film e Republikës së Maqedonisë së Veriut